# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА” ЗА СТРУЧНИТЕ ШКОЛИ ЗА НАСОКИТЕ ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА, ЗАБЕН ТЕХНИЧАР-ПРОТЕТИЧАР И ОПТОМЕТРИЈА ОД ДОЦ. Д-Р ВАСО ТАЛЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, како и Одлука бр. 2502 - 288/4 од 108. редовна седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 27.12.2013 год., формирана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Никола Пановски, редовен професор, Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет - Скопје,
- проф. д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор, Катедра за микробиологија, Институт за биологија, ПМФ - Скопје,

за рецензија на приложениот ракопис „Микробиологија со паразитологија” од доц. д-р Васо Талески, наменет за скрипта за студентите од прв циклус стручни студии на насоките Физикална терапија, Забен техничар – протетичар и Оптометрија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот **„Микробиологија со паразитологија”** од доц. д-р Васо Талески е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Микробиологија со паразитологија, кој се изучува на студиите од првиот циклус стручни студии на насоките Физикална терапија, Забен техничар – протетичар и Оптометрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во прва година, втор семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 2+3+1 и 6 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот на ракописот***

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по предметот Микробиологија со паразитологија, е претставен во текст од вкупно 140 страници и 222 слики. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Ракописот за скриптата е резултат на опсежно пребарување на обемната научно-стручна литература од домашни и светски автори. Достапната литература на македонски јазик е многу пообемна од потребите за насоките за кои ракописот е наменет.

Доц. д-р Васо Талески на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил, сублимирано, во ракописот ја претставува материјата што се изучува во овој предмет. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и апострофира практичното значење на современите сознанија во областа на микробиологијата и

паразитологијата, што би било од практична корист за споменатите насоки, со што се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

***Краток опис на содржината***

Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку целини и тоа: вовед, бактериологија општ и специјален дел, вирусологија општ и специјален дел, микологија и паразитологија.

Во делот *Бактериологија - општ дел* на разбирлив начин се објаснети најважните карактеристики за бактериите, нивна класификација, таксономски категории, големина, облик, распоред, распространетост, градба, услови за растење и размножување, фази на размножување, хемиски состав и видови на метаболизам, генетика на бактериите, асоцијации, патогеност и вируленција, имун одговор, реакции антиген - антитело, стерилизација и дезинфекција, антимикробни лекови, и можности за испитување на бактериите кон антибактериски лекови.

Во делот *Специјална бактериологија* се претставени најзначајните видови на коки, бацили, спирални бактерии, спорогени аеробни и анаеробни бактерии, микобактерии и кламидии.

Во општиот дел за вирусологија се претставени градбата, симетријата и размножувањето на вирусите, значењето на вирусните инфекции, можностите за дијагноза и најзначајните класификации на вирусите.

Во специјалниот дел за вирусологија се прикажани по неколку најзначајни припадници на ДНК и РНК вирусите, нивната градба, размножување, патогеност, можностите за микробиолошка дијагноза, терапија и превенција.

Во делот за медицинска микологија е прикажана градбата на габичките, начините на размножување и можностите за миколошка дијагноза. Прикажана е поделба на некои медицински значајни габички. Прикажан е подетален опис за градбата, размножувањето, клиничките манифестации, дијагнозата и терапијата на патогената квасена габичка *Candida albicans*.

Во делот за паразитологија е даден приказ на значењето на паразитите и паразитарните заболувања, прикажана е поделбата на протозоите и хелминтите и е даден подетален опис за неколку паразити.

Приложениот ракопис за скрипта **„Микробиологија со паразитологија”** од доц. д-р Васо Талески претставува рационално и систематично структуриран и сублимиран материјал на една широка област која на студентите на многу експлицитен и едноставен начин им ги претставува дел од најзначајните микроорганизми, во обем кој за студентите од овие насоки е најприфатлив, најлесно може да го совладаат и ќе имаат практична корист во нивната понатамошна работа.

Цитирана е најсовремена литература од Македонија, Европа и од САД.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало „Микробиологија со паразитологија” од доц. д-р Васо Талески ги опфаќа сите содржини од теоретски и практичен аспект според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите од првиот циклус за студиската програма за стручни студии Физикална терапија, Забен техничар – протетичар и Оптометрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Со издавање на овај ракопис студентите на споменатите стручни студии имаат можност да ги изучуваат потребниот материјал во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало – скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на ФМН при УГД – Штип ракописот „Микробиологија со паразитологија" од доц. д-р Васо Талески да биде издаден како учебно помагало - скрипта за студентите на стручни студии Физикална терапија, Забен техничар – протетичар и Оптометрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Пановски, с.р.**
**Проф. д-р Џоко Кунгуловски, с.р.**